РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 03-349
26.12.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (Пречистен текст) арх.бр.01-4898/1 од 22.11.2024 година, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4941/1 од 27.11.2024 година и Заклучокот арх.бр.02-5193/4 од 26.12.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 46-та седница одржана на 25.12.2024 година, го донесе следното

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ), на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 4 ноември 2024 г., играните филмови „Тежок за убивање (Hard to kill)“ и „И ридовите имаат очи (The hills have eyes 2)“ беа погрешно означени како програма од втора категорија (8+) и беа емитувани во несоодветен временски период од денонокието – пред 20 часот, а играниот филм „Брзи и бесни 7 (Fast & Furious 7)“, наместо како програма од трета категорија (12+) беше погрешно означен како програма од втора категорија (8+).

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4941/1 од 27.11.2024 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## Образложение

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 50 став 1 од ЗАВМУ, радиодифузерите не смеат да емитуваат или да пренесуваат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или на моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или прекумерно насилство. Давателите на услуги, по барање, мора да преземат најстроги технички мерки за да обезбедат дека малолетните лица се заштитени од најштетните содржини како што се прекумерното насилство и

порнографијата. Освен програмите од ставот (1) на овој член, други програми кои би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот и на моралниот развој на малолетните лица се обезбедуваат од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги така што малолетните лица да не можат на вообичаениот начин да ги видат или да ги слушнат програмите. Кога програмите се емитуваат или репризираат во некодирана форма, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред нивното емитување да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во целиот тек на емитувањето на програмите (член 50 став 3 од ЗАВМУ).

Во член 16 од ПЗМЛ (временски периоди за категориите програми) пропишано е дека во зависност од очекуваниот состав на публиката, категориите програми можат да се емитуваат во следните временски периоди: првата и втората категорија програми се емитуваат во текот на целото деноноќие; третата категорија се емитува во периодот од 20:00 до 05:00 часот; четвртата категорија се емитува во периодот од 22:00 до 05:00 часот; петтата категорија се емитува во периодот од 00:00 до 05:00 часот.

Член 17 од ПЗМЛ (описи на категориите програми) помеѓудругото во точка 2 и 3 пропишува дека категориите аудиовизуелни програми утврдени во член 15 од овој Правилник се определуваат според следниве описи: (2) Втора категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 8 години, за чие следење се препорачува надзор од родител или старател. Може да се емитуваат во текот на целото деноноќие, со препорака да се гледаат со надзор од родител или старател. Можен е опфат на посериозни теми: девијантно однесување, семејно насилство, расизам и слично, меѓутоа програмите во ниту еден случај не смеат да поттикнуваат, ниту пак во себе да вклучуваат каква било афирмација на девијантно однесување или на поведение навредливо за човековото достоинство. Не е дозволена пренагласена употреба на непристоен (вулгарен) говор. Неутрална, природна појавност на голо човечко тело е дозволена, меѓутоа без каков било вулгарен сексуален контекст. Описите, сцените и/или глетките со еротика мора да бидат исклучително ретки и сосем ненагласени, дискретни и без вулгарни алузии. Дозволено е умерено прикажување насилство, но, без детали на суровост, оправдано во заплетот на сценариото, без да се нагласува присуството на вистинско оружје или на опасни техники за меѓучовечка пресметка. (3) Трета категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател. Програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психо-физичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица. Обработката сериозни теми е прифатлива, но треба да биде соодветна за пропишаната возраст на публиката. Дозволена е употреба непристоен говор, вулгарности и бруталности, меѓутоа мора да биде сведена на разумна мерка и да биде оправдана со нужната функција во драмскиот или во информативно-документарниот контекст на програмата. Описите, сцените и/или глетките со насилство и со еротика, и евентуалната заемна врска меѓу овие два фактора во развојот на наративот, не треба да ги нагласуваат физичките повреди и/или психо-физичките последици од повреди, ниту пак да се фокусираат на непристојни физички детали. Не треба да им се придава претерана важност на оружје и на техники за меѓучовечка пресметка лесни за имитација, со опасен потенцијал сугестивно да делуваат врз психолошки помалку стабилните и врз емоционално ранливите делови од публиката. Прикажувањето наркоманија е дозволено меѓутоа без детална разработка на фазите од чинот на карактеризација на ликовите, и комплементарно во целината на различните видови играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Најавите за ваквите програми не смеат да бидат составени од описи, сцени и/или глетки што можат да ги вознемират малолетните лица.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 27 ноември 2024 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 4 ноември 2024 г., на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од ЗАВМУ и на членовите 16 и 17 од ПЗМЛ, на начин што спротивно на членовите 16 (временски периоди за категориите програми) и 17 (описи на категориите програми) од ПЗМЛ, играните филмови „Тежок за убивање (Hard to kill)“ и „И ридовите имаат очи (The hills have eyes 2)“ беа погрешно означени како програма од Втора категорија (8+) и се емитуваа во несоодветен програмски термин. Според насоките од Правилникот за заштита на малолетните лица, поради долготрајни сцени на насилство и психофизичка тортура, играните филмови треба да бидат класифицирани како - програма од Четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, и може да се емитуваат само во периодот од 22:00 до 05:00 часот. Спротивно на членот 17 (описи на категориите програми) од ПЗМЛ, играниот филм „Брзи и бесни 7 (Fast & Furious 7)“ беше погрешно означен како програма од Втора категорија (8+). Според насоките од ПЗМЛ, играниот филм треба да биде класифициран како - програма од Трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, и може да се емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4941/1 од 27.11.2024 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, на 02.12.2024 г., испрати Допис наш арх.бр.10-49414/2 од 02.12.2024 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4941/1 од 27.11.2024 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и од ПЗМЛ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 05.12.2024 г., за што Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, не достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 25.12.2024 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и членовите 16 и 17 од ПЗМЛ, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4941/1 од 27.11.2024 година и Заклучокот арх.бр.02-5193/4 од 26.12.2024 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 46-та седница одржана на 25.12.2024 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4941/1 од 27.11.2024 година

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Управителот на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Одговорното лице на програмата во Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 27.11.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4941/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 ноември 2024 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 ноември 2024 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица)
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14) и **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/24);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи – пречистен текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024 година);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15) и **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за спонзорство** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.219/24);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа)

6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 4 ноември 2024 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на членовите 16 (временски периоди за категориите програми) и 17 (описи на категориите програми) од Правилникот за заштита на малолетните лица, играните филмови „Тежок за убивање (Hard to kill)" и „И ридовите имаат очи (The hills have eyes 2)" беа погрешно означени како програма од Втора категорија (8+) и се емитуваа во несоодветен програмски термин. Според насоките од Правилникот за заштита на малолетните лица, поради долготрајни сцени на насилство и психофизичка тортура, играните филмови треба да бидат класифицирани како - програма од Четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, и може да се емитуваат само во периодот од 22:00 до 05:00 часот (види табела бр.1).

Табела бр.1

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| „Тежок за убивање (Hard to kill)"- игран филм | 11:17:58 | 12:47:56 |
| „И ридовите имаат очи (The hills have eyes 2)" – игран филм | 17:10:43 | 18:36:22 |
| **Опис на прекршувањето:**<br><br>Играните филмови „Тежок за убивање (Hard to kill)" и „И ридовите имаат очи (The hills have eyes 2)" беа погрешно означени како програма од Втора категорија (8+) и се емитуваа во несоодветен програмски термин.<br>Треба да бидат класифицирани како - програма од Четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, и може да се емитуваат само во периодот од 22:00 до 05:00 часот. | | |

Спротивно на членот 17 (описи на категориите пртограми) од Правилникот за заштита на малолетните лица, играниот филм „Брзи и бесни 7 (Fast & Furious 7)" беше погрешно означен како програма од Втора категорија (8+). Според насоките од Правилникот за заштита на малолетните лица, играниот филм треба да биде класифициран како - програма од Трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, и може да се емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот (види табела бр.2).

Табела бр.2

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Брзи и бесни 7 (Fast & Furious 7)“- игран филм | 22:46:51 | 23:59:59 |
| **Опис на прекршувањето:** Играниот филм „Брзи и бесни 7 (Fast & Furious 7)“ беше погрешно означен како програма од Втора категорија (8+). Според насоките од Правилникот за заштита на малолетните лица, треба да биде класифициран како - програма од Трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години, за која е неопходен надзор од родител/старател. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членоите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, на 4 ноември 2024 година, играните филмови „Тежок за убивање (Hard to kill)“ и „И ридовите имаат очи (The hills have eyes 2)“ беа погрешно означени како програма од втора категорија (8+) и беа емитувани во несоодветен временски период од денонoќието – пред 20 часот, а играниот филм „Брзи и бесни 7 (Fast & Furious 7)“, наместо како програма од трета категорија (12+) беше погрешно означен како програма од втора категорија (8+).

9. **Предлог мерка: /**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***